# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работењето на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје
## во 2020 година

**Вовед**

Одборот на директори, како орган на управување на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје, согласно со Законот за трговските друштва должен е на крајот на секоја деловна година да презентира годишен извештај за работењето на Друштвото. Во годишниот извештај органот на управување треба објективно да ги прикаже и да ги објасни главните фактори кои влијаеле на работењето на Друштвото, вклучувајќи ги промените во окружувањето и сл.

**Дејност**

Приоритетна дејност што ја обавува ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп. Друштвото остварува приходи и од трговија на големо со градежен материјал, санитарна опрема и дрва.

**Макроекономски и пазарни услови во кои работеше Друштвото во 2020 година**

Во 2020 година глобалната економија се соочи со новите предизвици кои ги наметна Ковид 19 пандемијата. Во услови на значајно влошување на меѓународното економско опкружување и негативните економски импликации од спроведувањето на мерките за спречување на ширење на корона вирусот во нашата држава, економската активност во 2020 година забележа пад. Трготекстил Малопродажба АД Скопје во текот на 2020 година својата активност ја остваруваше во согласност со планот на Друштвото за тековната година, притоа соочувајќи се и со новите мерки кои ги налагаа ковид протоколите. Ковид пандемијата имаше негативно влијание врз работењето на Друштвото.

**Резултати од работењето во 2020 година**

| во илјади денари | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Вкупно оперативни приходи | 6.029 | 29.888 |
| Вкупно оперативни расходи | 8.536 | 32.856 |
| Загуба од работење | -2.507 | -2.968 |
| Финансиски приходи/расходи | 2.147 | 87 |
| Загуба пред оданочување | -360 | -2.881 |
| Данок на добивка | -86 | - |
| Загуба по оданочување | -446 | -2.881 |

Во 2020 година остварена е загуба по оданочување во износ од 446 илјади денари, во однос на искажаната загуба од 2.881 илјади денари во 2019 година.

**Табеларен приказ на приходите од работење**

| **во илјади денари** | **2020** | **2019** | **индекс 2020/2019** | **структура 2020** |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на стоки и услуги | 1.727 | 23.998 | 7,20 | 28,64 |
| Приходи од наемнина | 4.066 | 5.619 | 72,36 | 67,44 |
| Приходи од рефактурирани трошоци | 223 | 263 | 84,79 | 3,70 |
| Добивка од продажба на основни средства | - | - | 0,00 | 0,00 |
| Приходи од отпис на обврски | 13 | - | 0,00 | 0,22 |
| Останато | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **6.029** | **29.880** | **20,18** | **100,00** |

Во 2020 година приходите од работење се помали од приходите од работење остврени во 2019 година за 79,82%. По ставки, приходите од продажба на стоки и услуги се намалени за 92,80%, приходите од наемнина се намалени за 27,64%, а приходите од рефактурирани трошоци се намалени за 15,21%.

**Табеларен приказ на расходите од работење**

| **во илјади денари** | **2020** | **2019** | **индекс 2020/2019** | **структура 2020** |
|---|---|---|---|---|
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 23 | 20 | 115,00 | 0,27 |
| Набавна вредност на продад. стоки и услуги | 1.613 | 22.094 | 7,30 | 18,90 |
| Трошоци за вработените | 2.380 | 2.871 | 82,90 | 27,88 |
| Амортизација | 1.238 | 1.270 | 97,48 | 14,50 |
| Трошоци за енергија | 169 | 255 | 66,27 | 1,98 |
| Трошоци за одбор на директори | 1.489 | 2.431 | 61,25 | 17,44 |
| Отпис на побарувања од купувачи и позајмици | 128 | 1.881 | 6,80 | 1,50 |
| Интелектуални услуги | 422 | 407 | 103,69 | 4,94 |
| Судски, адвокатски и нотарски трошоци | 108 | 455 | 23,74 | 1,27 |
| Останати расходи од работење | 966 | 1.172 | 82,42 | 11,32 |
| **Вкупно** | **8.536** | **32.856** | **25,98** | **100,00** |

Намалување на расходите од работење во 2020 година во однос на 2019 година има кај набавната вредност на продадени стоки и услуги, трошоците за енергија, отпис на побарувања од купувачи и позајмици, трошоците за вработени, трошоците за одбор на

директори, трошокот за амортизација, судските и адвокатски трошоци и кај останатите трошоци. Пораст на трошоците има само кај потрошените материјали и трошоците за интелектуални услуги. Во 2020 година во структурата на расходите од работење најголемо е учеството на набавната вредност на продадени стоки и услуги, трошоците за вработени, трошоците за одборот на директори и амортизацијата. За членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2020 година вкупно се направени трошоци во износ од 1.489 илјади денари.

**Политика на дивиденди**

Во текот на 2020 Друштвото нема исплатено дивиденди на имателите на обични акции.

Во 2021 година не се планира исплата на дивиденда.

**Откупени сопствени акции**

Со состојба 31.12.2020 година ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје поседува 54.417 сопствени акции или 7,774% од акционерската главнина (54.417 сопствени акции или 7,774% и на 31.12.2019 година).

**Извори на средства на друштвото и**
**односот на долгорочниот долг спрема главнината**

За обавување на својата дејност во текот на 2020 година Друштвото не користеше краткорочни и долгорочни кредити, што значи дека Друштвото не е кредитно задолжено. Во структурата на пасивата капиталот и резервите учествуваат со 98,74% (98,58% на 31.12.2019 година), а тековните обврски со 1,26% (1,42% на 31.12.2019 година).

**Информација за судски постапки**

Со состојба 31 декември 2020 година против ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје не се водат судски постапки од кои би можеле да произлезат материјално значајни обврски.

април, 2021 година

Извршен директор